# ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

Студиска програма: **БЕЗБЕДНОСТ И ЕВРОАТЛАНТСКИ ИНТЕГРАЦИИ**

Времетраење на студиската програма: **4 години**

ЕКТС кредити: **240**

## Цели на студиската програма

На Факултетот за безбедност како високообразовна институција во областа на криминалистиката, безбедноста и заштитата се спроведува високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност, како и континуирано образование и обука. Со реализирањето на акредитираните студиски програми од прв, втор и трет циклус на академски студии, Факултетот за безбедност-Скопје со програмата по Безбедност и евроатлантски интеграции ќе го заокружи својот профил на специјализирана наставно-научна и истражувачка институција од областа на безбедноста (во пошироко значење) со што ги оправдува општествените потреби за нејзино усовршување и развој.

Студиската програма по Безбедност и евроатлантски интеграции ќе профилира кадри кои, во согласност со концептот на модерното универзитетско образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, ќе се стекнат со знаења и вештини за:

- современите трендови во евроатлантските интеграциски процеси и перспективи;
- развој на политики во сите сфери на општественото живеење поврзани со процесот на европските и евроатлантските интеграции и безбедност;
- менаџирање со проекти финансирани и поддржани од европските фондови;
- општествените противречности, конфлкти и други облици на деструкции кои го дестабилизираат и рушат политичкиот, економскиот и безбедносниот систем на Република Македонија и
- формите и начините за превентивно и репресивно делување со цел попречување и сузбивање на споменатите појави.

Мисијата на студиите е научно спознавање и обука во областа на европските и евроатлантските интеграции со етаблирање на стандарди и нормативи на Европскиот образовен систем.

Целите на овие студии се јасно детерминирани.

Посебна цел на студиите претставува: едуцирање на кадри кои ќе бидат носители на реформите во општествениот, политичкиот, безбедносниот, економскиот, социјалниот живот во Република Македонија и кои ќе бидат подготвени за соодветна и квалитетна имплементација на стандардите кои се применуваат во земјите членки на Европската унија, со цел успешно спроведување на промените, зачленување и развој на Република Македонија како членка на ЕУ и НАТО. Во процесот на преговарање за членство во ЕУ и НАТО, токму овие кадри ќе бидат носечки во интеграцискиот процес.

**Потребата** од ваков профил на кадри во Република Македонија е повеќе од актуелна. Прашањето околу кое постои општ консензус кај сите општествено-политички и економски фактори во државата, а кое во исто време има силна поддршка од граѓаните, е прашањето за зачленувањето на државата во ЕУ и НАТО. Република Македонија очекува датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Во меѓувреме, државата ги презема

потребните мерки и активности околу усогласување на законодавството со ацљуитс цоммунитариан на Унијата. Покрај хармонизацијата за законодавството, државата се обидува да ги зајакне институционалните капацитетите за спроведување на истото. Зајакнувањето на институционалните капацитети според евалуациите на националните и меѓународните фактори најмногу се однесува на соодветно менаџирање со човечките ресурси и градење на организација темелена врз знаење и континуирано усовршување. Во следните фази од процесот на пристапување кон членството во ЕУ и НАТО ќе биде потребно да се формираат повеќе владини и невладини тела, кои произлегуваат од обврските за членство, а ќе се занимаваат со прашања поврзани со подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните на Република Македонија во економска смисла, но и од аспект на гарантирањето и почитувањето на човековите права и безбедноста.

Отсуството на соодветен кадар за реализирање на оваа задача е повеќе од очигледно. Фактот дека ниту еден Универзитет во Република Македонија нема програма за прв циклус студии по евроатлантски интеграции (ЕУ и НАТО интеграции), оди во прилог на предлогот за студиска програма на Факултетот за безбедност - Скопје, кој во наредниот период ќе едуцира кадри кои ќе бидат способни да ги водат реформите во јавниот сектор во државата.

Сите органи на државната управа (министерства) во Република Македонија имаат Сектори за Европска унија. Во рамки на Владата на РМ функционира Секретаријатот за европски прашања. Сите тие имаат кадровски недостиг на стручни и професионални работници, со академски знаења за ЕУ и НАТО, односно за евроатлантски интеграции. Покрај министерствата и другите органи во состав на Владата, потреба од ваков кадар имаат и Единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, невладиниот сектор, медиумите и многу други правни субјекти кои преземаат активности во сферата на евроатлантските интеграции на државата.

Студиската програма ќе овозможи квалификации на студентите за работа во научно-истражувачки институции, меѓународни владини и невладини организации, национални владини, неввадини, консултантски институции. Студентите ќе се здобијат со знаења и вештини за работа во институциите на ЕУ и НАТО.

Студиската програма по Безбедност и евроатлантски интеграции е препознатлива, односно е споредлива со студиски програми на високообразовни институции во земјите на Европската Унија, особено со земјите кои се наоѓаат во постинтегративниот мониторинг и земјите аспиранти за членство во ЕУ и НАТО. Тоа создава претпоставки и услови за меѓународна соработка, размена на искуства и добри практики, помош во спроведување на научно-истражувачки проекти и мобилност на студентите.

**<u>Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)</u>**

***Знаење и разбирање***

- стекнување знаења за факторите кои влијаат на динамиката и квалитетот на евроатлантските интеграции и безбедноста;
- знаење за раководење и учество во научни, стручни и апликативни проекти за идентификација и поставување на проблем;
- стекнуваат знаења за примена на методите и техниките за анализа и евалуација на интеграциските процеси;

- стекнуваат знаења за методите за анализа на поврзаноста на причините и последиците во контекст на динамиката на евроатланстките процеси и безбедноста;
- стекнување знаења за обврските на националните законодавства и институциите во имплементирањето на критериумите и условите за членство во ЕУ и НАТО;
- стекнување знаења за капацитетите на институциите надлежни за имплементација на условите за члентство во ЕУ и НАТО;
- разбирање на целите и функциите на евроатлантските интеграциски процеси и нивниот придонес кон националната и глобалната безбедност;

***Примена на знаењето и разбирањето***

- примена на теоретски концепти, модели, рамки, алатки и техники кои ја поттикнуваат креативноста во проучувањето на евроатлантските интеграции и безбедноста;
- примена на соодветни практични концепти, методи, техники и комуникациски вештини во пружање помош и поддршка на органите и телата во министерствата органита на локалната самоуправа;
- анализа на улогата на човечките ресурси за постигнување на ефикасност на надлежните институции во процесот на евроатлантските интеграции;
- анализа на улогата на динамиката во имплементирањето на условите за членство во ЕУ и НАТО во контекст на општествено-политичките и социо-економските состојби;
- примена на алатки и техники за менаџирање со проекти од програмите и фондовите на ЕУ и НАТО;
- примена на методи за евалуација на институционалните капацитети, предностите и слабостите во процесот на интегрирање во ЕУ и НАТО;

***Способност за проценка***

- способност за идентификација на предностите и слабостите на институциите во процесот на интегрирање во ЕУ и НАТО;
- способност за оцена на реформскиот процес во областа на безбедноста како еден од клучните столбови на евроатлантските интегративни процеси;
- способност за оцена на влијанието на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат позитивно или негативно врз динамиката и квалитетот на интеграциите;
- развива способност да ги евалуираат и проценат идеите за иницирање проекти со европски предзнак;
- способност критички и систематски да ги интегрираат и применуваат знаењата со цел да обезбедат зголемување на ефикасноста на институциите надлежни за спроведување на процесот на преговори за членство во ЕУ и НАТО;
- проценка на слабостите на институциите во однос на менаџирањето со човечките ресурси како еден од предусловите за квалитетно разбирање и имплементирање на обврските за членство во ЕУ и НАТО;
- способност за оцена на развојната тенденција на институциите за креирање на иднина базирана на знаење и континуирано усовршување на вештините за управување со ресурсите;

***- комуникациски вештини***

- стекнува вештини да комуницира ефективно со користење на соодветни аргументи во извештаите, презентациите и дебатите од областа на евроатлантските интеграции и безбедноста;
- способности за професионален пристап во процесот на имплементацијата на стандардите и критериумите за членство во ЕУ и НАТО;
- спремност за професионален однос при размена на податоци и заклучоци во функција на градење стратегии за решавање на сложени безбедносни ситуации за примена на правото на ЕУ;
- вештини за функционирање и комуницирање во сложени ситуации помеѓу институции и тела на национално и меѓународно ниво;

***-вештини на учење***

- развива критичко мислење;
- развивање на позитивистички пристап;
- развива аналитички пристап во проучувањето и истражувањето на безбедноста и евроатлантските интеграции;
- применува научно верификувани методи и техники за истражување на безбедноста и интегративните процеси;
- развива стратегиско размислување;
- синтетизира информации и извлекува заклучоци;
- авалуира резултати.

## ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ

### Семестар 1

***Вовед во право и уставно право (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма како базичен предмет од прва година на студиите е студентите да се стекнат со основни познавања за државата и правото и со основните поими, концепти, институти и институции поврзани со уставното право. Со тоа се овозможува студентите да стекнат солидна основа за совладување на останатите правни дисциплини во нивното понатамошно студирање. При тоа студентите ќе имаат можност да стекнат познавања од материја која се однесува на: организацијата на државната власт, системот на правото, поимот на устав и сите негови општи и посебни карактеристики, темелните вредности на уставниот систем на Република Македонија, како и статусот, организацијата, положбата и функционирањето на централните органи.

***Вовед во полициски науки (6 ЕКТС)***

Целта на предметот е да ги воведе студентите во терминологијата која се користи во полициските и безбедносните науки, а фокусот е ставен на систематизацијата на знаењата и поимите за полицијата. Тргнувајќи од определувањето на поимот „полиција", односно спознавање за тоа што претставува полицијата - во организациска и функционална смисла, т.е. се дава преглед на тоа што е полицијата како институција и кои се нејзините извршители, статус и функции.
Научната дисциплина „Вовед во полициски науки" има за цел да ги интегрира основните поими и знаења од сферата на полицијата, како и од другите полициски науки, и да ги поврзе и презентира на единствен, осмислен начин, според посебна методологија.
Задачата на предметот е да ги интегрира знаењата од другите науки кои се однесуваат на полициската организација или дејност. Предметот нема за цел да ги замени останатите полициски науки, туку да ги интегрира оние поими и елементи кои им се заеднички и да ги презентира на единствен начин, како нивна основа и како можност студентите преку изучување на другите предмети од Катедрата за полициски науки да направат надградба на стекнатите знаења.

***Вовед во криминалистика (3 ЕКТС)***

Цели на програмата се студентите низ систематски пристап да се запознавааат и оспособуваат со знаења од областа на криминалстичката наука како трихотомна целина. Низ мултидисциплинарен пристап изучување на процедурите на криминалистичкото постапување ( низ гносеолошко-спознајната и хеуристичката дејност) во рамките на предкривичната и кривичната постапка како единсвен процес за фундирано истражување на злосторствата и нивните сторители. Оспособување и стекнување со компетенции за ефикасно и ефективно откривање, истражување, разјаснување и докажување на казниви дела и сторители , како и за превенција на криминалитетот.

***Основи на безбедност и безбедносен систем на Република Македонија (6 ЕКТС)***

Студентите да ги завладеат основните академски знаења од областа на безбедноста, категоријалните концепти на безбедноста, системот на безбедност, загрозувањата на безбедноста,современите глобални загрозувања, разузнавачките и безбедносно-контраразузнавачките служби и структурата и функцијата на безбедносно-разузнавачкиот систем на Република Македонија, како темел во натамошното изградување на посебни и специфични знаења на студиската програма – европски интеграции и безбедност.

***Социологија на безбедноста (3 ЕКТС)***

Стекнување на знаења за основните социолошки категории и современите теории за општествениот развој, проблемите со безбедноста, неопходните услови за остварување на безбедноста во општеството и општествените субјекти одговорни за остварување на безбедноста на различни нивоа;

***Информатика*** *(3 ЕКТС)*

Студентите добиваат основни вештини за работа со едитор на текст (МС Њорд)

***Европска цивилизација (3 ЕКТС)***

Стекнување на осовни и напредни знаења за цивилизацијата и развојот на европскиот континент, ќе имаат основни познавања на идејата и идентитетот на Европа, што може да послужи како поширока историска рамка за разбирање на европските интеграции, студентите ќе бидат способни да ги набројат правците и фазите на развој на европската цивилизација, ќе ги разберат најкарактеристичните теории за европската цивилизација во контекст на европските интеграции, ќе бидат способни да ги опишат условите и историскиот развој на Европа и со натамошна надградба ќе применуваат дел од стекнатите знаења.

***Историја на Балканот и Република Македонија (3 ЕКТС)***

Предметот има за цел воведно запознавање со историјата на Балканот како регион кој одигра главна улога во светските прашања низ сите историски периоди и со клучните историски настани поврзани со создавањето и развојот на Република Македонија. Покрај изучување на најзначајните настани во етногегезата, политиката и културата на балканските народи, бројните воени настани, конфликтите и мировните процеси внатре на Балканот и во Македонија предметот дава посебно внимание и на политиката на големите сили и меѓународната заедница кон Балканските прашања поврзано со големи светски настани од наведените области во меѓународни рамки со акцент на историскиот развој, состојби и перспективи на евроатлантските интеграции. На тој начин студентите компаративно ќе ги осознаат историските настани и процеси низ кои се развивале регионот и РМ, бројните негативни последици од воените судири и конфликти и преку позитивни примери за соживот и интеграции од минатото ќе можат полесно да ги разберат современите состојби и односи на Балканот и во РМ со цел понатамошно негување и унапредување на современиот соживот и интеграции.

***Национална безбедност (3 ЕКТС)***

Студентот ќе може да дефинира, да репрудицира солиден квантум на научни знаења и сознанија за националната безбедност и системот за национална безбедност во една држава; ќе изгради безбедносна свест и култура за препознавање и успешна заштита на трајните, витални и важни интереси на Република Македонија; да ги идентификува, анализира, просудува, вреднува, проценува безбедносните појави, безбедносната состојба; понатаму да го проценува безбедносното опкружување и безбедносните можности во една држава; да ја дефинира и утврдува политиката на национална безбедност (да ги утврди целите и насоките на водење на оваа политика по области: надворешна, економска, одбранбена, политика на внатрешна безбедност и политика на заштита на животната средина, и да ги утврдува инструментите на водење на оваа политика); да ги опише, објасни и класифицира елементите, карактеристиките и компонентите на системот за национална безбедност, носителите и субјектите во овој систем; успешно да ги распознава, разликува и издвојува сите ризици и опасности на националната безбедност (со посебен акцент на

сите облици на загрозување на националната безбедност) како и кривично-правните дејствија со кои се загрозува уставно-правниот поредок и безбедноста на државата и граѓаните.

## ***Семестар 2***

### ***Меѓународни организации и интеграции (6 ЕКТС)***

Во рамките на оваа студиска програма студентите ќе стекнат сознанија за начинот на основање и видовите на меѓународните организации, за нивната персоналната и организациона структура, како и за правниот статус што тие го уживаат согласно меѓ. право. Студентите ќе бидат оспособени појмовно да ги разграничат интеграцијата, меѓузависноста и глобализацијата. Стекнатото теоретско знаење ќе му овозможи на студентот да ја анализира улогата на најзначајните меѓ. организации денес, да ги идентификува главите слабости во нивното функционирање, како и критички да ги евалуира придобивките од членството во конкретна организација. Студентите ќе стекнат знаење што ќе им овозможи во иднина подетално истражување на интегративните процеси во меѓ.заедница и можност за работни ангажмани во рамките на меѓ.организации.

### ***Основи на економија и економско финансиски криминал (6 ЕКТС)***

Целта на оваа предметна програма е студентите да се стекнат со знаење за основните економски правила и процеси. Овој предмет на студентите им овозможува одговор на прашања : Како функционираат пазарите ? Како функционираат бизнис заедниците? Што ги определува стапките на раст на економиите? Која политика дава резултат во подигнувањето на стапката на економскиот раст? Што ја детерминира стапката на инфлација и колку и зошто државата се грижи да ја одржи ценовната стабилност? итн.

### ***Англиски јазик 1 (3 ЕКТС)***

Продлабочување на знаењата по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста и евроатлантските интеграции.
Унапредување на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку интерактивни вежби поврзани со теми од областа на безбедноста и евроатлантските интеграции, чијашто цел е развивање на комуникациската компетентност на студентите.
Подобрување на знаењата од граматиката преку интерактивни вежби на теми поврзани со идната професија на студентите. Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

### ***Германски јазик 1 (3 ЕКТС)***

Германски јазик 1 е почетен курс кој ги воведува студентите во основите на германскиот јазик. Се врши оспособување на студентите да разбираат и употребуваат познати, секојдневни изрази и многу едноставни реченици со цел да задоволат конкретни потреби. Студентите можат да се претставаат себе си и други луѓе и да поставаат прашања за запознавање. Овој метод е осмислен за студенти кои имаат многу малку или воопшто немаат познавање од германскиот јазик, но им овозможува стекнување комуникативни способности доволни за секојдневна комуникација, снаоѓање во општеството, како и за конкретните потреби во нивниот понатамошен професионален ангажман. На пример, прашања за име, возраст, место на живеење, професија и хоби, ситуации на граница или во сообраќај. Се развиваат вештините читање, слушање, зборување и пишување.

## ***Француски јазик 1  (3 ЕКТС)***

Запознавање со францускиот јазик за секојдневна комуникација (конверзација и писмено изразување)
Поставената цел е на крајот од семестар 1 студентите да бидат способни да положат ДЕЛФ А1 Јуниор како и да се запознаат со основната терминологија за полициско истражување (опис на лице и место, давање алиби)

## ***Човекови права и слободи  (3 ЕКТС)***

Цел на предметната програма е систематизирање на материјата од областа на човековите права (меѓународни документи, национална легислатива како и во теориските анализи за одделни прашања), во функционална целина соодветна на потребите на демократското општество. Во рамките на наставниот процес ќе бидат проучени изворите на актуелниот систем, базичните принципи и практиката, употребата и ограничувањата на меѓународниот систем на договори и конвенции, односот меѓу меѓународните обврски и националната имплементација.Задача на наставата во рамките на овој предмет е да им овозможи на студентите:

- стекнување знаења од областа на човековите права и слободи,
- согледување на човековите права како основа на функционирање на демократското општество,
- развој на интелектуални вештини за перцепција на ситуациите и активностите низ призмата на концептот за човековите права,
- алатки за практикување и заштита на човековите права,
- воочување на проблемите и контрадикторностите во имплементацијата на концептот и
- ќе ги зголеми критичките и аналитички вештини во однос на материјата за промоција и заштита на човековите права и слободи.

## ***Нато и европската безбедност  (3 ЕКТС)***

На крајот од курсот студентите треба: да познаваат/знаат, разбираат и да можат да ги користат основните категории врзани со ЗНБП и да ги користат во анализа на современите политички проблеми врзани со НАТО и ЕУ и нивната улога во меѓународните односи и односите во регионот во кој се наоѓа нашата држава; да бидат способни да го идентификуваат и проценуваат значењето на главните проблеми и настани врзани со ЗНБП на ЕУ и делувањето според формулата „Берлин плус„; да ги унапредат своите способности и вештини на читање и разбирање на стручните текстови за оваа материја, како и устно и писмено искажување и аргументација за оваа проблематика; да развијат способност да анализираат, критички да промислуваат и вреднуваат различни толкувања, теории и становишта за НАТО и ЗНБП на ЕУ.

## ***Систем за безбедност на нато   (3 ЕКТС)***

По успешно совладување на материјалот од курсот студентите ќе бидат оспособени самостојно да ги следат и анализираат настаните и процеси врзани со евроатлантската безбедност. Ќе стекнат и знаења потребни за коректно препознавање и следење на делувањето на институциите создадени за делување во областите на евроатлантската безбедност. Ќе можат аналитички да ги прикажуваат промените врзани за концептите и политиките на НАТО, како и внатре во самата Алијанса.

## *Криминологија (3 ЕКТС)*

**Целта на криминологијата** е да ги воведе студентите во проучување на феноменолошките и етиолошките карактеристики на криминалитетот како масовна општетсвена појава и на криминалното однесување како поединечна појава. Оттука, во рамките на криминологијата студентите ќе се стекнат со знаења, вештини и способности да ги препознаваат криминалната феноменологија (појавни облици, обем, структура, структурални промени, динамика, просторна и временска распространетост на криминалитетот и криминална етиологија (корени, (причини), услови и поводи за криминалното, деликвентното и девијатно однесување. Во рамките на овој предмет студентите ќе бидат запознаени со некои од класичните и современи облици на конвенционален и неконвенционален криминал, како безбедносни закани и ризици од сферата на т.н. софистицирана небезбедност. Исто така, студентите ќе се запознаат и со напорите на општествената заедница за општествена контрола на овие општествено негативни појави.

## *Семестар 3*

## *Меѓународно јавно право (6 ЕКТС)*

Статусот на Република Македонија како земја-кандидат за членка на ЕУ ја потенцира потребата од едуцирање на студентите за принципите на меѓународното јавно право. Целта е студентите да ја разберат улогата на правото во меѓународната заедница, а меѓународните правни институции да ги гледаат не како апстрактни, туку истите да ги следат развојно. Изложената динамика на меѓународното право ја илустрира тензијата меѓу традиционалното право, поврзано со државниот суверенитет, и новото т.н. "меко" право инспирирано со новите вредности во меѓународната заедница. Програмата овозможува запознавање и систематско проучување на прашањата од теориска и практична природа поврзани со проце-сот на меѓународно, меѓудржавно и други видови на решавање на споровите по мирен пат. Аналитичкиот дел од програмата има за цел кај студентите да развие вештини на критичко размислување. Деталното проучување на организацијата, функционирањето и практиката на Меѓународниот суд на правдата, овозможува тие да усвојат нови знаења за поважните случаи на пресуди и советодавни мислења на овој главен судски орган на ООН.

## *Правда и внатрешни работи на ЕУ (6 ЕКТС)*

Стекнување на осовни и напредни знаења за соработката во областа правда и внатрешни работи на Европската унија, студентите ќе бидат способни да ги набројат политиките од оваа област, ќе ги дефинираат најкарактеристичките мерки и активности кои ги преземаат државните органи и агенции, ќе ги знаат надлежните институции кои имаат овластувања во делот на ПВР на ЕУ и со дополнителна надградба ќе применуваат дел од таквите политики во понатамошната работа.

## *Кривично право (6 ЕКТС)*

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да:

- ги разбере и препознава основните кривично-правни институти
- стекне знаење и вештини за да ги препопзнава законските битија на кривичните дела, со цел за докажување на кривичното дело и кривичната одговорност на виновниот сторител
- ги совлада техниките, стекне знаење и вештини за да ги поврзува оперативните криминалистички сознанија за начинот, средствата, времето, местото и просторот на извршување на конретно кривично дело, со одредена фактичка состојба за одреден кривично-правен настан

- ги совлада техниките, стекне знаење и вештини за да поголема ефикасност во остварувањето на заштитната функција на кривичното право, што ја имаат надлежните органи за спроведување на Кривичниот законик.

***<u>Англиски јазик 2 (3 ЕКТС)</u>***

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста. Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

***<u>Француски јазик 2 (3 ЕКТС)</u>***

Запознавање со францускиот јазик за секојдневна комуникација (конверзација и писмено изразување). Поставената цел е на крајот од семестар 1 студентите да бидат способни да положат ДЕЛФ А1 Јуниор како и да се запознаат со основната терминологија за полициско истражување (опис на лице и место, давање алиби)

***<u>Германски јазик 2 (3 ЕКТС)</u>***

Надградба на претходно стекнатите знаења во Германски јазик 1. Оспособување на студентите да комуницираат на едноставен начин, да го разбираат соговорникот, кога се зборува полека и јасно. Студентите се оспособуваат да поставуваат прашања за трети лица, да разбираат кратки и едноставни описи. Студентите се оспособуваат да пишуваат кратки и едноставни пораки и да пополнуваат лични податоци во формулари, како и за конкретните потреби во нивниот понатамошен професионален ангажман. Се обработуваат едноставни текстови од областа на безбедноста. Се развиваат вештините читање, слушање, зборување и пишување.

***<u>Меѓународни односи (6 ЕКТС)</u>***

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да биде во можност (критички) да ги анализира различните облици на однесување на државите и другите меѓународни субјекти на меѓународен план,
  - Да може да ги проучува основните тенденции на меѓународниото делување и да ги согледа перспективите на таквото делување (особено во областа на безбедноста)
  - Да се запознат главните мислители /теоретичри во ова поле и основните ресурси
  - Да се подготват да читаат, размислуваат и пишуваат на дипломско/професионално ниво

***<u>Институции на европската унија (3 ЕКТС)</u>***

Целта на овој предмет е на студентите да им овозможи проширување на постојните и усвојување на нови теоретски и практични знаења за педесет и пет годинишната интеграција на заедницата, сојузот на дваесет и седум држави, нацрт-уставниот договор од 29 октомври 2004, актерите на европската интеграција, на уставната повелба и гаранција. Тие ќе добијат јасна претстава за еволуција на Европската заедница и Европската унија, како и институции и актери во процесот на интеграција. Практична цел е студентите јасно да ги препознаваат процесите за изградба на

уставните слободи и права во рамките на европските институции, со посебен осврт на Советот и Европската централна банка.

***<u>Социјална и здравствена политика на ЕУ (3 ЕКТС)</u>***

Целта на овој предмет е на студентите да им се овозможи проширување на постојните и усвојување на нови теоретски и практични знаења за законите за вработување на Европската унија (ЕУ), вклучувајќи поврзани со социјалната политика, законските одредби за еднаквост и задраствената политика на Европската унија. Тие ќе добијат јасна претстава за последиците од проширувањето за социјална, политика за вработување и здраствената заштита во Европската унија. Притоа ќе биде направена детална анализа на најновите судски случаи на Европскиот суд на правдата, како и спроведувањето на законска регулатива.

***<u>Политика на проширување на ЕУ и Нато (3 ЕКТС)</u>***

Основната цел е да се изучат постоечките и идните безбедносни процеси, со изразен акцент на Евро-атланските безбедносни институции и механизми. Студентите ќе ги анализираат факторите кои придонесуваат за стабилноста, но и за идните промени на постоечката безбедносна средина. Во рамки на овој предмет подетално се изучува историјата, создавањето и развојот на НАТО како доминантна институција на западната безбедносна политика. Посебен акцент е ставен на структурата, организацијата и трансформирањето на улогата и доменот на интервенција на оваа организација. Исто така се проучува процесот на проширување на НАТО и Европската унија со државите од Источна Европа.

***<u>Цивилно општество и европски медиумски стандарди (3 ЕКТС)</u>***

Целта на предметната програма е запознавање на студентите со поимот цивилно општество и посебно на медиумите во општественото и правното опкружување; запознавање со нивната важност и потенцијалите во контекст на остварување на модерното граѓанство; Студентите треба да ги разликуваат основните поими на цивилното општество; да ја опишат и објаснат улогата на цивилното општество и медиумите како дел од него; да ја споредуваат и оценуваат правната регулатива за организација на цивилното општество и медиумите; критички да ја анализираат ефикасноста и можноста за соработка помеѓу државата, цивилното општество и медиумите; да го оценува процесот на имплементација на европските медиумски стандарди.

***<u>Миграциски политики на ЕУ  (3 ЕКТС)</u>***

Миграцијата е чувствителна тема која задира во политичките работи на сите европски земји денес.Во рамки на предметот ке се презентираат факторите на одбивање и привлекување на меѓународната миграција и влијанието од миграциските политики на миграциските процеси. Истовремено ке се истражува улогата на различни фактори во процесот на миграциите. Меѓу овие фактори се препознаваат политичките партии, интересни организации и меѓународни организации. Во рамки на предметот **Миграциски политики на ЕУ** ке се презентираат знаења и за важноста од стекнување државјанство за мигрантите, интеграцијата и вклученоста на мигрантите на пазарот на трудот.

## *Семестар 4*

### *Меѓународно кривично право (6 ЕКТС)*

Во рамките на овој предмет се изучуваат фундаментите и општите принципи на Меѓуна-родното кривично право како научна дисциплина, како и елементите на меѓународните злосторства. Студентите стекнуваат знаења за воените злосторства, злосторствата против човечноста, геноцидот, тортурата, агресијата и тероризмот како меѓународно злосторство. Се изучуваат и следниве институти: границите на јурисдикцијата на државата, екстрадицијата, азилот, признавање-то и извршувањето на странски казнени пресуди, трансферот на казнената постапка, казнено правна помош. Во услови на основање на повеќе меѓународни и мешовити судови за воени злосторства студентите посебно ги проучуваат судењата во Нирнберг и Токио, на ад хоц трибуналите, како и создавањето и организацијата на Меѓународниот кривичен суд. Совладувајќи ја програмата тие се здобиваат со способноста за препознавање и критичко елаборирање на битните елементи кои доведоа до судењата и донесените пресуди за воените злосторства во поранешна Југославија, како и на поважните случаи пред Меѓународниот кривичен суд.

### *Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (3 ЕКТС)*

Во рамки на овој предмет се изучува вториот столб на Европската унија, односно надлежносите на Европската унија во односите на Унијата со третите земји. Ќе бидат земени предвид договорите кои се склучени со третите земји, заедничката надворешната комерцијална и конкурентна политика и учеството на Европската унија во меѓународните организации.
Во вториот дел од предметот ќе биде разгледувана заедничката надоврешна и безбедносна политика, како и заедничката европска безбедносна и одбранбена политика. Од институциите на Европската унија е превземена иницијатива за создавање на Армија на Европксата унија, независна од институциите на НАТО и за таа цел донесени се повеќе значајни документи.

### *Управно право и управно право на ЕУ (6 ЕКТС)*

Цел на предметната програма е студентите да се стекнат со теоретски и практични знаења за правните институти на управното право и посебно на управното право на Европската Унија, за стандардите на функционирањето на институциите на ЕУ, за нивната комплексна врска со националните управи како и за процесите на промена и прилагодување на националните управи во рамки на процесот на европските интеграции. Со тоа студентите ќе се стекнат со компетенции кои се неопходни за учествување во прилагодување на македонската управа со европските стандарди.

### *Англиски јазик 3 (3 ЕКТС)*

Надградба на претходно стекнатите знаења по англиски јазик со содржини од областа на безбедноста. Развивање на четирите јазични вештини (зборување, читање, пишување и слушање) преку текстови и вежби на теми од областа на безбедноста.
Продлабочување на знаењата од граматиката преку обработка на текстови и вежби на теми поврзани со идната професија на студентите.
Развивање на јазичните функции и оспособување на студентите за употреба на јазикот во различни контексти важни за струката.

***Француски јазик 3 (3 ЕКТС)***

Надградба на претходно стекнатите знаења по француски јазик со содржини од областа на безбедноста. На крајот од семестарот, студентите треба да бидат способни да положат ДЕЛФ А2 Јуниор како и да располагаат со вокабулер од полициска терминологија.

***Германски јазик 3 (3 ЕКТС)***

Надградба на стекнатите знаења во Германски јазик 1 и 2. Оспособување на студентите да разбираат кратки едноставни текстови на вообичаени секојдневни теми и теми кои се релевантни во нивниот понатамошен професионален ангажман. При слушање можат да разберат едноставни описи на насоки на движење и како би стигнале од точка А до точка Б. Со пишување може да опишат каде некој живее и да напишат кратко соопштение или порака. Во однос на усна комуникација се оспособуваат да воспостават контакт и да даваат информации за минати активности. Студентите го заокружуваат нивото А1 според Заедничката европска референтна рамказа познавање на странски јазици.

***Кривично процесно право (6 ЕКТС)***

Проучување на правните норми со кои се уредува положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на процесните дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи.

Изучување на основните процесни институти, начелата на кривичната постапка, нејзините субјекти, докажувањето и доказните средства, како и мерките за обезбедување присуство на лица и на предмети во кривичната постапка. Стекнување на продлабочени знаења за текот на кривичната постапка, и добивање на целосна претстава за нејзиното поведување, текот и завршувањето, како и системот на правните лекови и посебните постапки.

***Политика на заштита на животната средина на ЕУ И НАТО (3 ЕКТС)***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за креирањето политики, да  можат активно да учествуваат во изготвување и имплементирање на стратегиите за заштита на животна средина, да препознаваат активности за дефинирање на вредности, нивно загрозување и начини за справување со истите, како и да стекнат знаења за активностите на ЕУ и НАТО во делот на заштита на животна средина.

***Превентивна дипломатија, хуманитарни интервенции и мировни мисии (3 ЕКТС)***

Студентите да ги распознава и споредува различните концепти и практики на преванетивната дипломатија; да ги илустрира и интерпретира елементите на превентивната дипломатија ; да ги проценува и вреднува примерите на употреба на превентивната дипломатија; и, врз основа на разбирањето и анализирањето на превентивната дипломатија да развива модели за справување на конфликти и безбедносни ризици во меѓунардните односи.

***<u>Безбедносна култура (3 ЕКТС)</u>***

Стекнување основни знаења за поимот на културата и безбедносната култура
Осознавање на факторите (средините) и начините низ кои се создава, пренесува и развива безбедносната култура
Оспособување за препознавање на облиците на размислување и однесување кои се дел од безбедносната култура
Подигнување на свеста за потребата од безбедносната култура и за создавање поволен безбедносен амбиент
Стекнување знаења и способности за потребата од воспоставување единство помеѓу безбедносниот систем и заедницата во навремено детектирање, препознавање и справување со безбедносните ризици, закани и загрозувања
Правилно проценување на размислувањата и однесувањата кои претставуваат ризик и загрозување на безбедноста
Развој на правилни мислечки и комуникациски способности за навремено детектирање на ризиците и загрозувањата по безбедноста

## ***<u>Семестар 5</u>***

***<u>Методологија на истражување на безбедносните појави (6 ЕКТС)</u>***

Редовен или вонреден студент кој согласно Правилата за студирање на Универзитетот се стекнал со право за упис во ИИИ година на студии, кој редовно ги извршува обврските утврдени со Правилата за студирање на Факултетот за безбедност и оваа студиска програма.

***<u>Економска и монетарна политика на ЕУ (6 ЕКТС)</u>***

Целта на оваа програма е студентите да се здобијат со знаење за структурата и концептот на економијата на Европската унија, каква е монетарната и фискалната политика на ЕУ, со што ќе можат да ги знаат политиките на единствен пазар, трговската политика, царинската политика како и институциите кои ја креираат и ја одржуваат економската политика на ЕУ.

***<u>Меѓународен тероризам (6 ЕКТС)</u>***

Студентот ќе се здобие со способности за прибирање, анализирање и презентирање информации за тероризмот и терористичките активности.

***<u>Основи на менаџмент и менаџирање на проекети (6 ЕКТС)</u>***

Студентот ја разбираат парадигмата за управување со проектите, да ја совладаат основната терминологија на проектниот пристап, да ги совладаат основните техники на управување на проектите, методите на финансиска анализа и методите за анализа на безбедносните информации.
Студентите се запознаваат со методологијата на извршување на проектите темелени на мрежните модели и апликативниите софтвери. Ги познава основите на научно - истражувачката работа, умее да идентификува проблем, способен е да организира тим, да ги распредели задачите, да ги поврзе активностите и да обезбеди клима и услови за успех; Ги познава основните концепциски менаџерски вештини, посебно вештините на деловно комуницирање и градење долгорочни релации со тимот; Селф манагмент (способност да се разјаснат сопсвените вредности и цели);

Леарнинг скиллс (способност да се учи индивидуално и во тим, да се користи библиотеката и да се пронајде релевантна информација за проектниот менаџмент;
Цоммуницатион (способност да се користи стручен јазик и форма кај пишувањето и говорења за проектниот менаџмент);
Теамњорк (способност за преземања одговорност, преузимање иницијатива и лидерство во подготовката на материјали-проекти-трудови за проектниот менаџмент);

***<u>Етиката на истражувањето на безбедносните појави (3 ЕКТС)</u>***

**Очекувани резултати од проучувањето:**
Студентот врз основа на знањата што ги добва со проучувањето на содржините на програмата ќе се стекне со основен увид во содржината на етиката (поими, пристапи, спорови, процеси) и ќе е оспособен да ги разликува категориите добро и лошо и ќе е самостоен за анализа и толкување на истите
Програмата ги развива следните видови **генерички компетенции:**
**а) инструментални компетенции:**
Способност за разбирање и анализа на содржината на моралот и моралното дејствување важно за струковото знање, особено за работа во безбедносните системи и органзации;
Способност за поврзување на градивото од ова предметна програма со знањеата од методологијата на истражувањето на безбедносните појави;
**б) интерперсонални компетенции:**
Способност за разбирање на доброто, праведното, развивање на толеранција и почитување на поинакви гледишта и знаења
**в) системки компетенции**:
Способност за поврзување на различниите пристапи, на извори на сознание и знаење; Способност за примена на стекнатите знања во практика; Научно-истражувачки вештини, посебно одност кон податоците, нивните извори и кон научно-истражувачкиот резултат.

***<u>ЕУ во глобалната економија (3 ЕКТС)</u>***

Со оваа предметна програма студентите ќе можат да ја препознават глобализацијата како растечка економска меѓузависност на држави ширум светот преку зголемен број и начини на прекугранична транскација на стоки и услуги, послободен меѓународен економски проток и побрза и поширока дифузија на технологијата.

***<u>Безбедносни стратегии (6 ЕКТС)</u>***

Основната цел на предметот е студентите да се стекнат со основни и напредни знаења за безбедносните стратегии (националните стратегии и националните акциони програми), да можат активно да учествуваат во изготвување и имплементирање на стратегиите, да препознаваат активности за дефинирање на вредности, нивно загрозување и начини за справување со истите, за менаџментот како наука и за менаџментот во безбедносните институции.

## ***Илегална миграција и трговија со луѓе (3 ЕКТС)***

На крајот на курсот и совладувањето на предметните содржини студентот треба да може да:

- го сфати значењето на миграционите движења и да ги препознава нејзините нус продукти, како што е илегалната миграција;
- ја поврзе миграцијата со трговијата со луѓе
- ја разграничи трговијата со луѓе од кримучарењето мигранти и проституцијата од трговијата со луѓе;
- го разбере концептот на трговијата со луѓе како флагрантно кршење на човековите права и слободи и значењето на проучувањето на виктимолошката димензија на појавата
- ги запознае и да го сфати значењето на примената на проактивните и реактивните истраги како ефикасен начин на откривањето и сузбивањето на трговијата со луѓе;

ги разграничи и воочи специфичностите на различните облици на трговијата со луѓе (сексуална експлоатација; трудова експлоата- ција; принудни бракови; илегално посвојување; трговија со човечки органи и др.)

## ***Регионални безбедносни иницијативи (6 ЕКТС)***

**Регионални безбедносни иницијативи** е теориско- емпириска дисциплина. Целта на предметот Регионални безбедносни иницијативи е да се согледа важноста од регионалната безбедносна соработка преку наднационалните тела (регионалните безбедносни инцијативи) кои се формирани врз неолибералниот пристап заснован на меѓувладина соработка. Регионалната безбедносна соработка се изучува од аспект на потребата за нејзино воспоставување, можности и капацитети кои ги нудат регионалните иницијативи, проблеми во стратешкото и оперативното делување и проценки за развојот на идните предизвици кои имаат потенцијал да станат дел од предметот на регионалната безбедносна соработка. Оттука произлегува и индивидуланиот пристап во изучувањето и анализата на секоја регионална безбедносна иницијатива, како резултат на нивниот мандат кој освен со справувањето со транснационалниот криминал и извршувањето на полициските работи е поврзан и со материја од цивилната заштита, оружјето и други безбедносни теми. Предметот **Регионални безбедносни иницијативи** на студентите во процесот на едукација треба да им овозможи стекнување знаења кои ќе им овозможат полесно да ја разберат европската безбедносна интеграција базирана на ефикасна регионална безбедносна соработка.

## *Семестар 6*

### *Систем за безбедност на нато (6 ЕКТС)*

По успешно совладување на материјалот од курсот студентите ќе бидат оспособени самостојно да ги следат и анализираат настаните и процеси врзани со евроатлантската безбедност. Ќе стекнат и знаења потребни за коректно препознавање и следење на делувањето на институциите создадени за делување во областите на евроатлантската безбедност. Ќе можат аналитички да ги прикажуваат промените врзани за концептите и политиките на НАТО, како и внатре во самата Алијанса.

### *Меѓународна полициска соработка (6 ЕКТС)*

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да биде во можност да го примени теоретското и практичното знаење во организирање и функционирање на МПС во борбата против меѓународниот криминал
- Да може критички да ги анализира основните принципи на МПС во борбата против криминалот и да ги анализира ризиците/заканите за меѓународната заедница
- Да може да ја разбере улогата и одговорноста на меѓународните полициски организации и други договори на полициска соработка, и да учествува во работата на истите
- Да може писмено и устно да ги соопштува резултатите на сопствените истражувања и анализи.

### *Кризен и конфликтен менаџмент на ЕУ (3 ЕКТС)*

Со предметната програма студентите треба да се стекнат со основните знаења од областа на кризниот и конфликтниот менаџмент на ЕУ и да ја разберат целовитоста на процесот на управување со кризи; да стекнат способност за предвидување и анализа на потенцијалните опасности и планирање и примена на алатките на кризниот и конфликтниот менаџмент на ЕУ во државните институции на земјите членки и земјите аспиранти за членство во ЕУ.

### *Организиран криминал и корупција (3 ЕКТС)*

Целите на овоаа предметна програма е да им овозможи на студентите да се запознаат со етиологијата и феноменологијата на мултидимензионалната природа на корупцијата и организираниот криминал посебно, како и со причините за нивната нераскинлива поврзаност, со оглед на специфичните емпириски состојби во Република Македонија и нивната најчеста спомнуваност во извештаите на релевантните меѓународни организации како најголеми пречки во нашите Евро-атлантски интеграции. Во тој контекст посебно значајно е стекнувањето знаење и способност за правење дистинкцијата помеѓу корупцијата, како поширок поим од организираниот криминал, но и за транцеденталноста на поимот организираниот криминал во сите аспекти на неговата практично консеквентна релевантност. Во рамките на оваа предметна програма студентите ќе стекнат знаења и вештини да ги препознаваат разните типови и облици на организиран криминал и корупција, како најголеми безбедносни закани и ризици од сферата на т.н. софистицирана небезбедност. Оттука. исклучително значајно ќе биде да се сфати потребата од системско-кибернетскиот пристап при проекција на една кохерентна, комлементарна, квалитативно нова национална стратегија против организираниот криминал и корупцијата, којашто симултано треба да ги зафати сите најзначајни сфери во општеството.

***Интегрирано гранично управување (3 ЕКТС)***

Стекнување на осовни и напредни знаења за интегрираното гранично управување и соработката што ја остваруваат надлежните органи, студентите ќе бидат способни да ги набројат институциите вклучени во процесот на интегрирано гранично управување, ќе ги дефинираат најкарактеристичките мерки и активности кои ги преземаат државните органи и агенции во остварувањето на ИГУ, ќе ги разберат програмите и активностите на европските агенции и тела за ИГУ и со дополнителна надградба ќе применуваат дел од таквите активности во понатамошната работа.

***Разузнавање и разузнавачки служби (3 ЕКТС)***

Студентите да завладеат со потребните академски знаења од областа на разузнавањето и разузнавачките служби, како во поглед на историските и современите аспекти на формирањето и дејствувањето, така и со структурните и функционалните страни на нивната улога на внатрешнодржавен план и на полето на меѓународните односи во креирањето на актуелната безбедносна архитектура во Европа и светот.На тој начин, студентите ќе бидат соодветно академски оспособени за практична работа во соодветните безбедносно-разузнавачки институции во земјата и странство во предвидувањето, проценувањето и креирањето и реализирањето на безбедносни политики.

***Соседска политика на ЕУ (3 ЕКТС)***

Целта на овој предмет е на студентие да им се овозможи проширување на постојните и усвојување на нови теоретски и практични знаења за Европската соседска политика (ЕСП) како инструмент на надворешни односи на Европската унија (ЕУ) која има за цел да ја поврзе Унијата со земји од истокот и југ на Унијата. Овие земји, пред се земјите во развој, вклучуваат многу кои сакаат еден ден да станат или земјите-членки на Европската унија или потесно се интегриран со економијата на Европската унија.Тие ќе добијат јасна претстава за финансиска помош што ЕУ ја нуди за земјите во Европската соседска, па додека тие ги исполнуваат строгите услови на владата реформи, економските реформи и други прашања околу позитивна трансформација. Основната цел е да се изучат процес от на Европската соседска политика кој е нормално поткрепен со Акционен план и договор за асоцијација, помеѓу Брисел и целната земја на која можат да и бидат понудени тарифни ослободувања, слободен пристап до некои или сите пазарите на ЕУ (индустриски стоки, земјоделски производи, итн), како и финансиска или техничка помош.

***Меѓународно право за права на човекот (3 ЕКТС)***

Во рамките на овој предмет студентите ќе стекнат знаење, како и ќе го развијат концептуалното разбирање на основните поими, институти и инструменти во областа на меѓународното право за права на човекот. Посебна цел на предметната програма е студентите да стекант продлабочено знаење за малцинските права и воспоставените механизми за нивна заштита на регионално и универзално ниво. Студентите ќе се запознаат со современите теретски сознзнија во овој дел, како и со релевантните меѓународни акти и обича и ќе бидат оспособени за научно-истражувачка работа во областа на меѓународното право за правата на човекот, како и подготвени за работа во институциите и телата кои се занимаваат со заштитата на човековите права на владиниот и невладиниот сектор.

***Интерпол и форензичка соработка (3 ЕКТС)***

Запознавање со функционирањето и сферите на меѓународната форензичка соработка на државите членки, современите договори кои на билатерално ниво се потпишуваат помеѓу државите членки на ИНТЕРПОЛ заради размена на податоци и меѓусебен увид во дата базите. Ќе стекне потребни знаења за дефинирање, објаснување и знаење на меѓународните дата бази на лични податоци со цел зајакнување на меѓународната безбедност. Студентите ќе можат да ги оценат и аргументираат различните ставови за
проучување на методите за испитување на отпечатоци препорачани од европската експертска група за идентификација при ИНТЕРПОЛ и стандардите за меѓународна размена на податоци со цел идентификација на осомничени лица. Да покажат високо ниво на професионалана компетентност при односот со претставниците на националните централни бироа при размена на форензички податоци.

## ***Семестар 7***

***Дипломатија и меѓународно преговарање (6 ЕКТС)***

Целта на оваа предметна програма е запознавање и систематизирано проучување на прашањата од теориска и практична природа поврзани со процесот на меѓународно, меѓудржавно, дипломатско преговарање и други видови на решавање на споровите по мирен пат. Студентите преку конкретни карактеристични случаи детално ги проучуваат методите на преговарање, елементите на преговарачка вештина, стратегиските пристапи и сл., здобивајќи со со потребните знаења и вештини. Тие го анализираат влијанието на меѓународните кризи врз преговарањето, како и улогата на дипломатијата во нивното решавање, видовите дипломатија и развојот на современата дипломатија. Целта на програмата е да го развие концептуалното разбирање на студентите за практиката и процедурите на модерната дипломатија и на меѓународното преговарање, како и да ја зголеми нивната способност да работат ефективно во рамките на дипломатската заедница.

***Односите НАТО - ЕУ - САД - РУСИЈА (6 ЕКТС)***

Со слушање настава по овој предмет студентите

- ќе стекнат специјализирани знаења за надворешната и безбедносната политика на најмоќните држави и институции на нашето време.
- ќе бидат оспособени да ги разбираат промените кои се случиле во американската и руската надворешна и безбедносна политика по Студената војна но и да го анализираат и антиципираат нивниот развој во 21от век
- ќе можат да работат во државните органи и/или меѓународните организации, како и новинарско-аналитичка работа.

***Современите балкански односи (6 ЕКТС)***

Овој предмет е наменет да ги запознае студентите со процесите и односите на Балканот за време и особено по Студената војна, а од 1945 година до денес. Акцентот е ставен на политичките настани и процеси, но ќе бидат третирани како економски и социјални процеси во современиот период. Студентите ќе ги запознаат внатрешните политички и економски случувања во балканските држави, нивните политички и економски системи, но главното прашање е посветена на меѓународните аспекти на односите на Балканот и по повод на Балканот. Главната цел е да им

обезбедат на студентите  потребните знаења за различни процеси кои го карактеризираат модерната ера на развојот на балканските односи. Главните резултати ќе бидат: стекнување политиколошки, економски и други вештини потребни за разбирање на современите процеси во одделни земји и на Балканот како регион, стекнување на аналитички вештини потребни за високо-квалитетни и професионални мониторинг на социјални, особено политички, процес на Балканот; развивање на вештини писмени и вербални комуникациски знаење стекнати преку анализа на настани и процеси во врска со Балканот.

***<u>Превенција на криминалитет  (6 ЕКТС)</u>***

Да се оспособат студентите за планирање, дизајн и евалуација на превентивни програми и истражувачки проекти од областа на превенција на криминалитетот преку стекнување соодветни знаења за превенција на криминалитетот и безбедност во заедницата.
**Задачи и очекувани резултати:**
**а) Знаења и разбирања:** Запознавање на студентите со новите трендови во превенцијата на криминалитетот како концепт и како процес на градење превентивна стратегија за справување со криминалитетот.
**б) Вештини:** Развивање на студентите вештини и компетенции за развој на превентивни модели во справување со криминалитетот и создавање безбедни средини за живеење, преку планирање соодветни превентивни механизми и развој на превенција базирана на знаење и на докази.

***<u>Европски стандарди и практики за сообраќај и транспорт  (6 ЕКТС)</u>***

Стекнување на осовни и напредни знаења за патниот сообраќај, студентите ќе бидат способни да ги набројат факторите за безбедност во патниот сообраќај, ќе ги дефинираат најкарактеристичните стандарди и практики за сообраќај во земјите членки на Европската унија, ќе бидат способни да ги опишат условите и стандардите за транспорт во сообраќајот во Европа и со натамошна надградба ќе применуваат дел од стекнатите знаења.

***<u>Надворешна и безбедносна политика на Република Македонија   (6 ЕКТС)</u>***

**Надворешна и безбедносна политика на Република Македонија** е теориско-емпириска дисциплина. Целта на предметот да ги согледа аспектите на безбедноста и нејзините манифестации во рамки на внатрешните и надворешните односи на државата. Во рамки на предметот треба да се согледаат ретроактивните процеси во донесувањето на стратешките документи од областа на безбедносната политика, идентификацијата на актуелните и потенцијалните безбедносни закани по безбедноста и да се стекне способност за справување со безбедносните предизвици во национален, регионален и евроспки контекст.
Предметот **Надворешна и безбедносна политика на Република Македонија** на студентите во процесот на едукација треба да им овозможи стекнување знаења со кои ќе придонесе подобро да ја разберат потребата за постоење на сеопфатна надворешна и безбедносна политика на државата. Процесот е во контекст на зачувување на националната безбедност и остварување на државните интереси преку повисок степен на безбедносна интеграција на земјата во ЕУ, НАТО, останатите безбедносни организации и одржување на врски со стратешките партнери во областа на безбедноста.

***<u>Криминалистичка тактика и методика  (6 ЕКТС)</u>***
Студентот ќе развие способност за идентификување, формулирање и решавање  проблеми во полето на криминалистиката во функција на разрешување на криминалот  преку употреба на постоечки методи.

***Семестар 8***

## ***Односите РМ-ЕУ-НАТО (6 ЕКТС)***

Основните исходи од учењето треба да бидат: стекнување на знаења за генезата и карактеристиките на современата надворешна политика на Србија и системот за подготовка и целосна интеграција во НАТО и ЕУ; оспособеност самостојно да се наоѓаат извори на податоци за овие прашања; стекнување на вештина за аналитичко прикажување на одделни надворешнополитички проблеми; стекнување на вештина за писмено и устно соопштување на резултатите на сопствените истражувања и анализи.

## ***Програми и фондови на ЕУ И НАТО (6 ЕКТС)***

Стекнување на осовни и напредни знаења за програмите и фондовите на Европската унија кои ги користат земјите членки, како и земјите кандидати за членство, студентите ќе бидат способни да ги препознаат политиките и активностите на ЕУ во сферата на финансиската и друга поддршка, ќе бидат способни да подготвуваат предлог проекти за добивање средства од таквите фондови, ќе ги оценуваат капацитетите на Република Македонија, ќе ја разберат и ќе бидат способни да ја формулираат политиката за побора процентуална искористеност на таквите фондови. Ќе ги знаат фондовите за поддршка на НАТО, ќе ја разберат процедурата за користење средства од фондовите на НАТО. Со дополнителна надградба ќе применуваат дел од таквите активности во понатамошната работа.

## ***Методика на истражување на организиран криминал (6 ЕКТС)***

Студентот ќе може да ги препознае организираните облици на криминалитет, да направи разлика помеѓу класични облици и облици на организираниот криминалитет, да изврши дефинирање на органзииран криминал.
Да репродуцира солиден квантум на научни знаења и сознанија за препознавање на карактеристиките на организираните облици на криминалитет, модусот операнди на делување на организираните криминални групи во меѓународната заедница и во Република Македонија, да ги идентификува, анализира, просудува, вреднува соодветните методи и средства кои се најпогодни во расфетлувањето на соодветни облици на организираниот криминал.
Да ги разликува, распознава и да ги објасни облиците и типовите на организирнаиот криминал во различни држави, да ги анализира и да знае да ги применува соодветните методи и средства во расфетлувањето на организираните облици на криминал, обезбедување квалитетна материјална доказна квалификација на секој облик поединчено.
Да ги распознава и истражува на новите методи и средства кои би биле поадекватни во рсфетлување на новоидентификуваните облици на криминалитетот во светот и кај нас.
Да ги истражува новите модалитети на меѓународната соработка, како неопходен услов во расфетлување на новопојавените облици на транснационалниот организиран криминал.

## ***Транзициска правда (6 ЕКТС)***

На крајот на совладувањето на предметните содржини студентот треба да може да:

- ја разбере нужноста од процесот на помирувањето во постконфликтите општества;
- ја рабере поврзаноста помеѓу утврдувањето на вистината, помирувањето, и транзицоната правда;
- се сензибилизира за страдањата на жртвите на масовни злосторства
- критички се осврне на можните злоупотреби на транзиционата правда и нејзиното инструментализирање

***Глобализација и геополитика  (6 ЕКТС)***

Стекнување основни знаења за глобализацијата и геополитиката
Правилно разбирање на сложената мрежа чинители кои ја детерминираат безбедноста во услови на глобализацијата и современата геополитика
Стекнување потребни знаења, способности и вештини за анализа на глобализацијата и современата геополитика
Оспособување за донесување соодветни безбедносни проценки, стратегии и политики во услови на глобализација и современа геополитичка констелација

***Преговори за членство во ЕУ  (6 ЕКТС)***

Стекнување на осовни и напредни знаења за процесот на преговори за членство во ЕУ, студентите ќе бидат способни да ги составуваат преговарачките позиции на Република Македонија, да ги поткрепуваат и аргументираат таквите позиции, ќе ги препознаат различните полиња за преговори, ќе ја разберат и ќе бидат способни да ја формулираат политиката на преговори за членство во ЕУ и со дополнителна надградба ќе применуваат дел од таквите активности во понатамошната работа.